Врз основа на член 73 став (1) точка 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и за разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12 јуни 2026 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одбивање на приговор**

1. Приговорот на „Макпетрол“ АД Скопје со бр. УП2-09-191/26 од 8 април 2026 година, против Одлука бр.02-1996/1 од 2 април 2026 година од страна на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас Номагас во државна сопственост, СЕ ОДБИВА.

2. Одлуката бр.02-1996/1 од 2 април 2026 година на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас Номагас во државна сопственост, СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Макпетрол АД Скопје до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), поднесе приговор бр. УП2-09-191/26 од 8 април 2026 година против Одлука бр.02-1996/1 од 2 април 2026 година на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас Номагас во државна сопственост.

Друштвото како балансно одговорна страна поднело Приговор до Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас Номагас во државна сопственост бр.0302-1417/1 од 25 март 2026 година против фактура бр.036/26 од 24 март 2026 година која се однесува за финансиско порамнување по основ на направени дебаланси на системот за пренос за месец февруари 2026 година.

Друштвото го оспори начинот на извршена пресметка за отстапувањата за пресметковниот период – февруари 2026 година, врз основа на кој се врши финансиско порамнување за направените дебаланси на системот за пренос на природен гас, при што наведе дека постојат значителни разлики во дневните цени на природен гас за балансирање во текот на целиот пресметковен период. Исто така, во приговорот наведе дека во текот на периодот од 20.02.2026 година до 28.02.2026 година, просечната разлика изнесувала 642.37 ден/MWh.

Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас Номагас во државна сопственост одлучувајќи по поднесениот Приговор бр.0302-1417/1 од 25 март 2026 година против фактура бр.036/26 од 24 март 2026 година која се однесува за финансиско порамнување по основ на направени дебаланси на системот за пренос за месец февруари 2026 година донело Одлука бр.02-1996/1 од 2 април 2026 година со која поднесениот приговор се одбива како неоснован.

Назадоволно, друштвото поднесе приговор против против Одлука бр.02-1996/1 од 2 април 2026 година, донесена од Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас Номагас во државна сопственост.

Регулаторната комисија за енергетика се обрати до Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас Номагас во државна сопственост со барање за произнесување по однос на поднесениот приговор.

Од страна на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас Номагас во државна сопственост е доставен Одговор на приговор поднесен од Макпетрол АД Скопје против Одлука бр.02-1996/1 од 2 април 2026 година во кој наведуваа дека во текот на целиот период на функционирање на балансниот систем пресметките за сите балансно одговорни страни, вклучувајќи го и Макпетрол АД Скопје биле пресметувани на ист начин, согласно иста методолошка рамка. Дополнително наведуваат дека Макпетрол АД Скопје во претходните периоди без приговори во однос на самата методологија ги прифаќал и ги подмирувал фактурите издадени на идентичен начин, со примена на иста методологија и дека приговорот е поднесен од причина што пресметката во овој конкретен случај е финансиски понеповолна за нив. Во одговорот Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас Номагас во државна сопственост укажува дека согласно Правилата за балансирање, во периоди кога пазарните трансакции не овозможуваат утврдување на поразлична маргинална цена за одреден гасен ден, се применува последно валидно утврдена референтна цена што е во согласност со принципот на континуитет и стабилност на системот и во насока на целите на балансирањето и спречувањето на дебаланси, кои во изминатиот период се евидентирани дека се правени од подносителот на приговорот во значителен обем.

На 12 мај 2026 година беше одржана седница на Комисија за постапување по приговори и разрешување на спорови од областа на природен гас, топлинска енергија и течни горива. На седницата се изврши увид во приложените докази од страна на подносителот на приговорот и страната против која е поднесен приговорот, и тоа:

- Приговор поднесен од Макпетрол АД Скопје бр. УП2-09-191/26 од 8 април 2026 година против Одлука бр.02-1996/1 од 2 април 2026 година од страна на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас Номагас во државна сопственост
- Одлука бр.02-1996/1 од 2 април 2026 година, донесена од Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас Номагас во државна сопственост,
- Одговор на приговор поднесен од Макпетрол АД Скопје против Одлука бр.02-1996/1 од 02.04.2026 година од Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас Номагас во државна сопственост.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на приговорот утврди дека е потребно да се одржи усна расправа со подносителот на приговорот Макпетрол АД Скопје и Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас Номагас во државна сопственост. Од оваа причина, се одлучи по одржување на усната расправа приговорот на Макпетрол АД Скопје да се решава на нареден состанок за разгледување на приговори.

На 21 мај 2026 година со почеток во 09:00 часот во Регулаторната комисија за енергетика, Комисијата за постапување по приговори и разрешување на спорови од областа на природен гас, топлинска енергија и течни горива одржа усна расправа на кој што се разгледуваше приговорот од Макпетрол АД Скопје со бр. УП2-09-191/26 од 8 април 2026 година. На состанокот присуствуваа претставници од Макпетрол АД Скопје и Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас Номагас во државна сопственост.

На состанокот секоја од страните даде свое произнесување и за истиот е составен записник. На крајот на состанокот се донесе заклучок доколку е потребно да се побара дополнителна документација од страните

во постапката по што ќе се одржи седница на Комисијата за постапување по приговори и разрешување на спорови од областа на природен гас, топлинска енергија и течни горива на која ќе се одлучи по приговорот.

Регулаторната комисија за енергетика од Макпетрол АД Скопје побара да достави дополнителна документација, односно примерок од Договорот за балансна одговорност и податоци за разлики во цени согласно евиденциите на Макпетрол АД Скопје и Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас Номагас во државна сопственост. Од страна на Макпетрол АД Скопје беше доставена побараната документација.

На 8 јуни 2026 година беше одржана дополнителна седница на Комисија за постапување по приговори и разрешување на спорови од областа на природен гас, топлинска енергија и течни горива. На седницата се изврши повторен увид во приложените докази од страна на подносителот на приговорот и страната против која е поднесен приговорот, како и дополнително доставената документација и тоа:

- Достава на дополнителни податоци и документи од Макпетрол АД Скопје,
- Договор за балансна одговорност со својство на извршена исправа, склучен помеѓу Макпетрол АД Скопје и Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас Номагас во државна сопственост,
- Пресметка на цена за дебаланси според евиденција на Макпетрол,
- Преглед на направени дебаланси за месец февруари,
- Разлика во маргинална цена според евиденцијата на Макпетрол и Номагас и
- Компаративна анализа за различни евиденции,

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на приговорот утврди дека приговорот не е основан.

Согласно член 5 од Договорот за балансна одговорност со својство на извршена исправа пресметката на отстапувањата на БОС се врши во согласност со Методологијата за формирање на цени за услуги за балансирање која што е составен дел од Правилата за балансирање.

Согласно член 3 од Поглавје 1: Методологија за пресметување на дневни надоместоци за нерамнотежа од Правилата за балансирање на системот за пренос на природен гас („Службен весник на Република Северна Македонија' бр.285/22 и 20/23), кој се однесува на дневната цена на природниот гас за балансирање, ОСППГ ја пресметува цената на порамнување на отстапувањата за секој гасен ден.
Ако ОСППГ го купува природниот гас за балансирање на системот на платформата за тргување со природен гас, цената на природниот гас за балансирање во случај на:

1) Позитивен дебаланс за денот Д е еднаква на пониската од следните вредности:
   а. најниската цена од сите тргувања на платформата за гасниот ден кога ОСППГ купил природен гас ; или
   б. вредност пресметана согласно формулата:

   $$\frac{\sum_i^n P_i V_i}{\sum_i^n V_i} - \mathrm{SA} \circ \frac{\sum_i^n P_i V_i}{\sum_i^n V_i}$$

   Каде:

   $\boldsymbol{P_i}$ – цена според i-тото тргување за денот МКД/MWh;

   $\boldsymbol{V_i}$ – волумен според i-тото тргување за денот, во MWh;

   SA – мало прилагодување
2) Негативен дебаланс за денот Д е еднаква на повисоката од следните вредности:

а. највисоката цена од сите тргувања на платформата за тргување со природен гас, каде што операторот е учесник за соодветниот гасен ден;

б. вредност создадена според формулата:

$$\frac{\sum_i^n P_i V_i}{\sum_i^n V_i} + \text{SA} \circ \frac{\sum_i^n P_i V_i}{\sum_i^n V_i}$$

Каде:

$P_i$ – цена според i-тото тргување за денот МКД/MWh;

$V_i$ – волумен според i-тото тргување за денот, во MWh;

SA – мало прилагодување.

Ако природен гас за балансирање се набавува од давателите на услуга за балансирање цените на природниот гас за балансирање се одредуваат во случај на:

1) Позитивно отстапување во согласност со формулата:

$$P_{NGB}^{P} = P_{PP} - \text{SA} \circ P_{PP}$$

2) Негативно отстапување во согласност со формулата:

$$P_{NGB}^{P} = P_{PP} + \text{SA} \circ P_{PP}$$

Каде:

$P_{PP}$ – цена на природен гас, согласно приоритентата листа (мерит ордер);

SA – мало прилагодување.

Малото прилагодување изнесува 10%.

Ако во текот на гасниот месец се активира балансна услуга повеќе од еднаш, цената на природниот гас се пресметува како пондерирана цена од сите продажби односно пондерирана цена од сите купувања на природен гас.

Согласно член 4 став (1) од Поглавје 2: Методологија за пресметување на надоместок за неутралност од Правилата за балансирање на системот за пренос на природен гас операторот на системот за пренос на природен гас нема да има добивка или загуба со плаќање и примање на дневните надоместоци за отстапување, дневните наплати, трошоци за балансирање и други давачки поврзани со неговите дејствијата за балансирање преземени од операторот на системот за пренос на природен гас за исполнување на обврските од овие правила.

Од приложените докази се констатира дека операторот на системот за пренос на природен гас нема да има добивка или загуба со плаќање и примање на дневните надоместоци за отстапување, дневните наплати, трошоци за балансирање и други давачки поврзани со неговите дејствијата за балансирање преземени од операторот на системот за пренос на природен гас. Воедно, согласно увидот во доставените податоци за направени дебаланси и купени количини на гас и цени од страна на операторот на системот за пренос на природен гас, Регулаторната комисија за енергетика утврди дека операторот на системот за пренос на природен гас постапил согласно утврденото во Методологијата за пресметување на дневни надоместоци за нерамнотежа од Правилата за балансирање на системот за пренос на природен гас, односно цената на природниот гас е пресметана како пондерирана цена од сите продажби односно пондерирана цена од сите купувања на природен гас во месецот.

Имајќи во предвид дека операторот на системот за пренос на природен гас не купувал гас на дневно ниво, дневната цена на природниот гас за балансирање била утврдувана согласно цената на денот кога операторот на системот за пренос на природен гас последен пат купил гас за балансирање. Имајќи во предвид дека операторот на системот за пренос на природен гас ја користи оваа методологија за пресметка на дневните дебаланси на сите корисници на системот за пренос на гас, почнувајќи од денот на донесување на Правилата за балансирање на системот за пренос на природен гас, треба да се има во

предвид дека имало периоди/денови кога отстапувањата во дневните цени за природен гас во деновите кога операторот на системот за пренос на природен гас не купувал гас за балансирање им одело во прилог на корисниците на системот. Операторот има ист пристап во континуитет и кон сите корисници на системот без да врши дискриминација на одредени корисници.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 09-191/26**
**12 јуни 2026 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**